(Образец ПП.......)

**ДО**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет:

**В Т О Р А Ж А Л Б А**

**Подносител**: Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје, со седиште на ул. ,,Вич" бр.28/36, 1000 Скопје, тел.: 071 356 354, e-mail: info@odnaszanas.com и законски застапник/полномошник на барателот на информацијата, Гордана Гоџо

(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

**Жалбена основа**: Ј.З.У Институт за јавно здравје како имател на информацијата, во законскиот рок од 20 дена, не му овозможил на барателот пристап до информацијата и не донел и не му доставил на барателот решение за целосно или делумно одбивање на пристапот (молчење на управата), а по поднесена жалба доставил манлив односно невалиден, нецелосен и несоодветен управен акт односно одговор.

**Имател на информации**: Ј.З.У Институт за јавно здравје, ул. 50 та Дивизија бр.6, 1000 Скопје, пошт.фах 577, Тел.: 3223-033, 3226-510; Факс:3223-354

На ден 1.7.2022 година, Здружението на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје (во понатамошниот текст: Здружение или Барател на информации) достави Барање за пристап до информации од јавен каратер до Ј.З.У Институт за јавно здравје како имател на информации. По истекот на законскиот рок и недоставено решение за целосно или делумно одбивање на пристапот ниту одговор од страна на Имателот на информации и по доставена жалба и со посредување на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, доставен е одговор по електронска пошта до Барателот на информациите на ден 9.8.2022 година.

Одговорот што Барателот на информациите го доби по електронски пат е документ односно управен акт кој воопшто не е потпишан, не е архивиран односно е манлив и невалиден документ. Истиот исто така содржи нецелосни и несоодветни одговори особено по прашањата под точка 5, 10, 17, 18, 22, 23, 28 и 29.

Во одговорот од Имателот на информации добиен со посредување на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер освен што одговорот ниту е потпишан ниту е архивиран, односно истиот е невалиден, видно е дека Имателот на информациите:

- Нема постапено и нема соодветно (како што е побарано) одговорено по прашањата бр. 5, 10, 17, 18, 22, 23, 28 и 29 за кое е должен да одговори децидно и како е побарано,
- Не ги доставил бараните информации и документи односно не е доставена ниту една побарана информација и документ/доказ од точка/прашање бр. 5, 10, 17, 18, 22, 23, 28 и 29.
- Одоговорот не содржи елементи на валиден и важечки праввен акт.

**Одговор број 5 –** Во однос на прашањето под број 5, Имателот на информацијата не дава конкретен одговор, со оглед на тоа дека прашањето е информација од јавен карактер и со оглед на тоа дека секој не поседува медицинско познавање, Барателот бара конкретни и прецизни одговори за секоја вакцина засебно.

**Одговор број 10** - Бараме од Имателот на информации да ги наведе во одговорот сите контраиндикации за кои нѐ упатува во Службениот весник.

**Одговор број 17 -** Во однос на прашањето под број 17, Имателот на информации само потврдува дека „Дополнителна доза вакцина не може да направи штета кај оние лица кои се комплетно вакцинирани ама може да биде од корист", без при тоа да достави доказ. Барателот на информција прифаќа и линкови до стручна литература со рецензирани студии со која се потврдува тврдењето..

**Одговор број 18 -** Имателот на информации дава одговор без при тоа да приложи соодветни докази како што е побарано. Бараме копии од сета документација која ја користат институциите, а во врска со прашањето.

**Одговор број 22 -** Во однос на прашањето под реден број 22, Имателот на информација посочува дека по апликација на жива вакцина може да се развијат симптоми карактеристични за болеста, но не доставува доказ дека по развивањето на овие симптоми нема последователен пренос на истата. Барателот прифаќа линкови до стручна меѓународна и домашна литература.

**Одговор број 23 –** Имателот на информации дава одговор кој повторно не го поткрепува со докази како што бара Барателот. Бараме да достави сигурносни студии за вакцината која во моментов се употребува во Македонија.

**Одговор број 28 –** Одговорот не е целосен. Имателот на информации не одговара која е казната доколку докторот или епидемиолошка служба на ЦЈЗ/ОЕ, односно ЦЈЗ Скопје не спроведе посташка за утврдување трајна контраиндикација.

**Одговор број 29 –** Имателот на информации вооопшто не одговара дали се прават алергиски тестови на состојките од вакцината, туку само општо кажува дека доктор врши преглед. Бараме детално објаснување околу тоа што сѐ треба да содржи тој преглед.

**Доказ:** Одговор од Ј.З.У Институт за јавно здравје

Напоменуваме дека за сите наводи во жалбата треба да се има предвид дека Имателот на информациите е должен точно и прецизно, како што стои во барањето, да ги даде информациите, податоците и документите кои се бараат од страна на Барателот на информации особено имајќи предвид дека имателот ги прифатил и потврдува дека наведените одговорени прашања од барањето се во негова надлежност, како и согласно членот 3 став (1) алинеја 2, 4 и алинеја 7 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер се точно дефинирани следните изрази и поими:

- „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информацијата),

- „барател на информација" е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон (во натамошниот текст: барателот),

- „документ" е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во која

било форма, како и пренослива опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи меморији за складирање на податоците во дигитална форма,

- „јавен интерес" во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чие што објавување, односно остварување пристап:
1) ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување;
2) ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства;
3) ќе се открие потенцијален судир на интереси;
4) ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето;
5) ќе се спречи и открие загрозување на животната средина;
6) ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и
7) ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Согласно образложенитето и доказите од претходно доставената жалба, бараме Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер постапувајќи по нашите жалби детално да ги разгледаат одговорите од Имателот на информациите во однос на бараните прашања од барањето на Барателот на информации **и соодветно да постапи со цел Барателот на информации да ги добие во целост и точно како што е барано согласно наведените прашања на Барателот (5, 10, 17, 18, 22, 23, 28 и 29), а не да се задоволи само формата дека е даден некаков генерален одговор кој не кореспондира на бараните информации и докази.**

Врз основа на сето претходно наведено, жалбените основи од претходно доставената жалба и приложените докази предлагаме:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер **да ја УВАЖИ жалбата и да му наложи на имателот на информации ЈЗУ Институт за јавно здравје да постапи согласно закон и да го задолжи имателот на информации да ги даде бараните информации и документи по прашањата за кои се огласил за надлежен, односно предметот да го врати на повторно постапување пред првостепениот орган**.

Прилог на жалбата:

1. Одговор на Барањето доставен од Ј.З.У Институт за јавно здравје

Во Скопје.
Датум: 15.8.2022 год.

(с.р. потпис на жалителот)